08-680/2
03-01-2024
(2020)

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 97-та седница одржана на ден 27.12.2023 година донесе

***Одлука***

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата во предметот со број 08-680/1 од 03.02.2020 година, постапката СЕ ЗАПИРА

Предметот со број 08-680/1 од 03.02.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот со број 08-680/1 од 03.02.2020 година е оформен по преставка од ---------------------- за понатамошно надлежно постапување.

ДКСК, од увидот во својата евиденција, констатира дека на лицето --------------------- му престанала функцијата вд член на ------------------------------------------ и дека нема поднесено анкетен лист за престанок на функцијата до Државната комисија за спречување на корупцијата во предвидениот законски рок.

За погоре споменатиот прекршок Државната комисија на -------------------------- му издаде записник за сторен прекршок и прекршочен платен налог по што лицето не постапи.

На 09.08.2023 година Државната комисија поднесе Барање за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија при ДКСК која на 27.10.2023 година донесе Решение во која го прогласи за ОДГОВОРЕН лицето -------------------------- за неподнесување анкетен лист за престанок на функцијата вд член на ------------------------------------------.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**